Министерство за финансии

**Неделен економски преглед**

24 септември – 28 септември 2018 година

- Според претходните податоци на Државниот завод за статистика, реалната стапка на раст на БДП за 2017 година, во однос на 2016 година, изнесува 0,2%, што претставува нагорна ревизија во однос на првично проценетите податоци.
- Индустриското производство во август 2018 година забележа раст од 2,1% во однос на август 2017 година, додека на кумулативна основа во периодот јануари - август 2018 година забележа раст од 5,1%.
- Бројот на работници во индустријата во август 2018 година е зголемен за 5,3% на годишно ниво. Кумулативно, во периодот јануари - август 2018 година бројот на работници во индустријата бележи раст од 7,2% во однос на истиот период од 2017 година.
- Во периодот јануари - август 2018 година, вкупните буџетски приходи се зголемени за 4,8% во однос на истиот период 2017 година, во услови на раст на приходите од ДДВ за 0,6%, од персонален данок на доход за 6,4%, од данок на добивка за 25,2%, од акцизи за 9,9% и од придонеси за социјално осигурување за 7,0%.
- Во истиот период вкупните буџетски расходи се зголемени за 1,3%, при раст на вкупните трансфери за 8,2%.
- Остварениот дефицит на Буџетот на РМ во периодот јануари - август 2018 година претставува 1,0% од БДП, што е намалување од 0,7 п.п. во споредба со буџетскиот дефицит во истиот период 2017 година.
- Бруто надворешниот долг, на крајот на вториот квартал од 2018 година, изнесува 8.433 милиони евра, односно 80,0% од проектираниот БДП за оваа година.
- Според првичните проценки за септември 2018 година, инфлацијата во еврозоната изнесува 2,1% на годишна основа и е повисока за 0,1 п.п. во однос на август 2018 година.